СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

# ЕУ ЛИДЕР пристап за интегриран територијален развој и рурален просперитет во Северна Македонија



Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Foundation Open Society Macedonia / Фондација Отворено Општество Македонија

Center for Civil Communications / Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК Центар за европски стратегии / Center for European Strategies EUROTHINK

Овие документи за јавни политики се изработени за да им помогнат на граѓанските организации и на граѓаните воопшто, да водат информирана дебата и да имаат пристап до стручни знаења, ставови и мислења на теми од значење за ЕУ интеграциите. Подрачјата во кои Република Северна Македонија ќе ги води преговорите се сложени и разновидни, а реформите кои ќе ги преземаме ќе отвораат бројни дилеми за кои ќе биде нужна експертска дебата. Содржините на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" следете ги на **www.dijalogkoneu.mk**


- Автор: Марина Тошеска



- Ова издание е достапно само во електронска форма

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската Унија

# Содржина


| | |
|---|---|
| Вовед | 4 |
| ЛИДЕР пристап за одржлив рурален развој | 4 |
| ЛИДЕР пристап во Република Северна Македонија | 7 |
| SWOT анализа на подготовката и имплементацијата на пристапот ЛИДЕР/Стратегии за локален развој | 11 |
| Заклучни согледувања | 12 |
| Препораки | 13 |

## Вовед

Земјоделството и руралниот развој се неопходност за социо-економски развој на Република Северна Македонија. Значењето на руралните области за демографијата, економскиот раст, социјалниот прогрес и животната средина е огромно за целиот процес на развој и затоа државата е фокусирана на креирање политики и мерки што ќе овозможат развој на земјоделството и одржлив рурален развој во согласност со Заедничката земјоделска политика на земјите на Европската Унија. Руралниот развој е „вториот столб“[1] на заедничката земјоделска политика (ЗЗП), која придонесува за одржлив развој на руралните области преку различни програми во кои е опфатен и ЛИДЕР пристапот/Локален развој предводен од заедницата (LEADER/CLLD-Community led local development).

Иницијативата ЛИДЕР претставува иновативен пристап во рамките на политиката за рурален развој на Европската Унија за поддршка на проекти за рурален развој иницирани на локално ниво со цел да ги ревитализираат руралните области и да се создадат нови работни места. Таа претставува модел за остварување балансиран територијален развој во рурални средини преку соработка на трите сектори - јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, со примена на “bottom up”[2] пристапот, односно локалните актери да учествуваат во одлучувањето за стратегијата и во изборот на приоритетите што треба да се следат во нивната локална област, со фокус на учество на жените и младите од руралните средини во креирањето и имплементирањето на стратегиите за локален развој.

## ЛИДЕР пристап за одржлив рурален развој

Зборот LEADER преставува кратенка од француски “Liaison entre actions de développement de l’économie rurale“, што во превод значи „Релации помеѓу активности и економски развој на руралните средини“. Претставува иновативен пристап во кој се стимулира полноправно и заедничко учество на сите чинители во процесите на донесување одлуки и спроведување активности насочени кон руралниот развој, што придонесува за подобрување на локалното владеење.[3] ЛИДЕР е алатка за поттикнување на субјектите што живеат во руралните средини да истражат нови начини за развој преку заедничка работа и соработка и да ги искористат во најголема мерка своите добра за да ги пребродат предизвиците со кои се соочуваат. На тој начин ЛИДЕР придонесува за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, како за земјоделските семејства, така и за поширокото рурално население.[4]

ЛИДЕР пристапот се заснова на 7 главни карактеристики[5]

1: Територијално базирани стратегии за локален развој

2: Пристап „од основата кон врвот“

3: Јавно-приватно партнерство: Локални акциски групи (ЛАГ)

4: Иновации

5: Интегрирани и мултисекторски активности

6: Вмрежување

7: Соработка

[1] https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/key-policies/common-agricultural-policy/rural-development_en
[2] https://enrd.ec.europa.eu/content/1-bottom-approach_en
[3] Konečný O.(2019) The LEADER aaproach across the European Union:One method of rural development, many forms of implementation
[4] The LEADER approach A basic guide - Office for Official Publications of the European Communities, ISBN 92- 79-02057-9
[5] ЛИДЕР пристап, основен водич pdf.




Слика бр.1: 7 главни карактеристики на ЛИДЕР пристапот

Клучниот концепт зад овој пристап е разгледување на разликите што постојат меѓу руралните региони и можностите за вклучување на јавниот сектор, приватниот сектор и граѓанското општество во развој на руралните области со користење на ендогениот развоен потенцијал, спроведување интегрирани, мултисекторски активности и промовирање иновации, вмрежување и соработка.

Овој пристап ги поврзува локалните актери во руралните области преку јавно-приватни партнерства т.н. локални акциски групи (ЛАГ) кои имаат за задача да ја идентификуваат и спроведуваат локалната развојна стратегија и имаат автономија при донесување на одлуките и капацитет да ги реевалуираат локалните расположливи ресурси. Локалните акциски групи се уникатни по учеството на различните актери во донесувањето одлуки и вклучувањето на жените во процесот на креирање политики и донесување одлуки, со што се промовира важноста на родовата еднаквост и се имплементира родовиот аспект на локално ниво.[6]

Иницијативата ЛИДЕР е почната во 1989 година како инструмент за промовирање на интернационалната соработка на Европската заедница, а официјално започнува со спроведување во 1991 година со цел да ги подобри развојните потенцијали на руралните средини преку спроведување локални иницијативи, размена на искуства и знаења, како и мултиплицирање на добри практики во други рурални заедници.

Од 1991 година до денес се остварени 5 генерации на ЛИДЕР. Во својата експериментална фаза ЛИДЕР I[7] помеѓу 1991-1993 година опфатил 217 области во неразвиени рурални региони. Овој фокус на ограничување на неразвиени рурални области се однесувал и на ЛИДЕР II[8] помеѓу 1994-1999 година, кога бројот на ЛАГ се зголемил на околу 900. Во периодот 2000-2006 година преку ЛИДЕР+[9] се опфатени сите рурални области и евидентирани се 1153 локални акциски групи.

[6] ENRD EC Europe, LEADER Toolkit, Implementing LAGs and Local Strategies
[7] https://enrd.ec.europa.eu/leader-clld/leader-toolkit/leaderclld-explained_en
[8] https://enrd.ec.europa.eu/leader-clld/leader-resources/leader-historical-resources/leaderII_en
[9]LEADER experiences - lessons learned and effectiveness of EU funds for rural development.pdf

ЛИДЕР станува широко распространет во неговиот четврти програмски период ЛИДЕР Оска[10] 2007-201,3 кога станува составен дел од политиката за рурален развој на ЕУ, покривајќи 2416 рурални територии низ сите земји членки. Во овој период, ЛИДЕР станува задолжителна компонента на националните програми за рурален развој во земјите членки на ЕУ, со минимална распределба на буџетот (5% во ЕУ-15 и 2,5% во ЕУ-12, т.е. новите земји-членки со исклучок на Хрватска, која се приклучи во 2013 година).

За периодот на финансирање 2014-2020 година, применливоста на ЛИДЕР пристапот е дополнително проширена во Локален развој предводен од заедницата/ЛИДЕР[11] во руралните, крајбрежните и урбаните области, а во тек е ЛИДЕР/ЛРПЗ за периодот 2021-2027 година.[12]

| Наслов | Период | Тип на програма | Број на ЛАГ | Вкупен јавен буџет (ЕУ + Национален) | Број на земји членки |
|---|---|---|---|---|---|
| ЛИДЕР 1 | 1991-1993 | Иницијатива на заедницата | 217 ЛАГ во рурални подрачја со заостанат развој | 1,2 милијарди ЕУР | ЕУ 12 |
| ЛИДЕР 2 | 1994-1999 | Иницијатива на заедницата спроведена преку 102 национални/ регионални оперативни програми | 906 ЛАГ во рурални подрачја со заостанат развој | 5,37 милијарди ЕУР | ЕУ 15 |
| ЛИДЕР + [13] | 2000-2006 | Иницијатива на заедницата | 1153 ЛАГ во сите рурални подрачја | 5,1 милијарди ЕУР | ЕУ 15+10 |
| ЛИДЕР Оска | 2007-2013 | Задолжителна ППР/Оска 4 мерка (5%, 2.5% за нови земји членки) | 2402 ЛАГ во сите рурални подрачја | 8,9 милијарди ЕУР | ЕУ 25+2 |
| ЛРПЗ/ЛИДЕР | 2014-2020 | Задолжителна ППР мерка 19 (5%) | 2536 ЛАГ финансирани под ЕФРД (со или без кофинансирањ е од страна на ЕРДФ или ЕСФ) и 352 ЛАГ финансирани под ЕМФФ | 9,8 милијарди ЕУР | ЕУ 27+1 |

Табела бр. 1: Историјат на развојот на ЛИДЕР пристапот

[10] https://enrd.ec.europa.eu/sites/default/files/uploaded-files/leader1_kjasinska.pdf
[11] https://enrd.ec.europa.eu/sites/default/files/clld-eafrd.pdf
[12] https://media.voog.com/0000/0041/5573/files/ELARD_position-LEADER_CLLD_2021-2027.pdf
[13] https://enrd.ec.europa.eu/leader-clld/leader-resources/leader-historical-resources/leaderII_en

Со тек на време ЛИДЕР пристапот еволуираше и во квалитет и во квантитет, од аспект на големината на територијата во која се применува, бројот на локални чинители коишто се директно вклучени во овој пристап, бројот на изработени стратегии за развој и нивниот квалитет, постигнатите резултати, движењето на финансиската поддршка и слично.

Во контекст на руралниот развој, ЛИДЕР се имплементира според националните и регионалните програми за рурален развој (ПРР)[14] на секоја земја членка на ЕУ, кофинансирани од Европскиот земјоделски фонд за рурален развој[15], а во програмскиот период 2014-2020 година, ЛИДЕР пристапот е проширен под поширок поим Локален развој предводен од заедницата поддржан од три дополнителни фонда на ЕУ[16]: Европскиот поморски и рибарски фонд[17], Европскиот фонд за регионален развој[18] и Европскиот социјален фонд.[19] Во периодот 2014-2020 година финансиската поддршка за ЛИДЕР преку националните програми за рурален развој во земјите на ЕУ се движи од околу 5.5% во Австрија, 6.26% во Холандија итн.[20]

Денес, ЛИДЕР зазема сѐ позначајна улога за одржлив развој на руралните средини не само во земјите на Европската Унија, туку и во земјите кандидати за членство во ЕУ со заедничка приоритетна цел – рамномерен територијален одржлив развој.

### ЛИДЕР пристап во Република Северна Македонија

Имплементирањето на ЛИДЕР пристапот е неопходност за одржлив рурален развој во Република Северна Македонија бидејќи руралната област опфаќа 88,7% од целата територија на државата, вклучувајќи 62 општини со 985.000 жители или 47,3% од вкупното население.[21]

Хиерархијата на стратешките документи што го уредуваат спроведувањето на пристапот ЛИДЕР во државата вклучува: 1) стратегија за земјоделство и рурален развој,[22] [23] 2) програми за ИПАРД II[24] (ИПАРД III во подготовка)[25] 3) стратешки и/или програмски документи од други министерства или владини органи, од кои повеќето се надлежни за регионален развој, локална самоуправа и граѓанско општество.

Воведувањето на ЛИДЕР пристапот е утврдено во членовите 87, 88 и 89 од Законот за земјоделство и рурален развој согласно регулативата на ЕУ.[26] Тоа е основа за креирање стратешка рамка за политиката за спроведување на Пристапот ЛИДЕР во рамките на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој.

Институционална правна поставеност за поддршка за спроведување на ЛИДЕР програмата е воспоставена преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство[27] како главен надлежен орган преку своите организациски единици - 1) одделенијата задолжени за програмирање (т.е. што играат улога на раководни тела) и 2) платежната агенција[28] како извршно тело задолжени за финансискиот менаџмент на Политиките за рурален развој.

[14] https://ec.europa.eu/info/sites/default/files/food-farming-fisheries/key_policies/documents/rpd-factsheet-austria_en.pdf
[15] https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/key-policies/common-agricultural-policy/rural-development
[16] https://enrd.ec.europa.eu/leader-clld_en
[17] https://ec.europa.eu/oceans-and-fisheries/funding/emfaf_en
[18] https://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/erdf/
[19] https://ec.europa.eu/esf/home.jsp
[20] https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/key-policies/common-agricultural-policy/rural-development/country
[21] МЗШВ, Годишен земјоделски извештај 2017 година, стр.34 http://www.mzsv.gov.mk/cms/Upload/docs/GZI-2017.pdf
[22] НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2020
[23] НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2027
[24] IPA RURAL DEVELOPMENT PROGRAMME, 2014-2020
[25] IPARD III Program consolidated 20.09.2021
[26] „Службен весник на РМ“, бр. 49 12.4.2010 Закон за земјоделство и рурален развој
[27] http://www.mzsv.gov.mk/
[28] http://www.ipardpa.gov.mk/

Според Инструментот за претпристапна помош (ИПА)[29], Република Северна Македонија има можност за финансиска и техничка поддршка во спроведување реформи за интеграција во Европската Унија согласно потпишаните договори помеѓу Северна Македонија и Европската комисија – Рамковен договор и Секторски договор (ИПАРД), кои ја регулираат финансиската поддршка од ЕУ за нашата земја преку правната основа за обезбедување финансиска помош во областа на земјоделството и руралниот развој. Овие договори регулираат прашања поврзани со земјоделство и рурален развој преку ИПАРД програмата и го регулираат локалниот развој согласно ЛИДЕР пристапот. Програмата ИПАРД[30] вклучува осум секторски потпорни мерки, кои се поделени во два пакет-мерки, една од мерките на програмата е мерката 5 „Имплементација на локални развојни стратегии – ЛИДЕР пристап", која е дел од вториот пакет-мерки каде што се советодавни услуги, агро-еколошки мерки и услуги за органско земјоделство.[31] Во ИПАРД-програмата потенцирана е важноста од мерката за Спроведување стратегии за локален развој – ЛИДЕР пристап, но државата сѐ уште не спроведе ЛИДЕР мерка во рамките на претпристапните ИПАРД-програми.

Воведувањето на ЛИДЕР пристапот во државата започна многу одамна, преку донаторски проекти[32],[33] насочени кон поддршка во процесот на децентрализација на земјата, обезбедување рамномерен територијален развој и активно вклучување на жените и младите во процесите на креирање политики за одржлив развој на локалните заедници, во рамките на кои се основани поголемиот дел од Локалните акциски групи. Воспоставените локални акциски групи имаа воспоставени регулаторни документи согласно практиките во земјите во ЕУ, но не беа препознаени од страна на МЗШВ зашто подзаконските акти за признавање на ЛАГ и подготовката на стратегии за локален развој беа усвоени во 2013 година[34] [35].

Поттикнувањето на ЛАГ-иницијативи за локален економски развој за заедниците и дизајнирање мерки што произлегуваат од идентификуваните потреби на заедницата се дел од Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2014-2020. Во тој период започнува подготовката на мерката „ЛИДЕР пристап" во националната програма за рурален развој како подготвителен период на процесот за акредитација на „ЛИДЕР пристапот" според ИПАРД-програмата, но иако Националната програма за рурален развој во Македонија проектира стимулации за ЛАГ, четири години по ред не беше објавен јавен повик за заинтересирани субјекти како последица на непостоењето Регистар на ЛАГ во рамките на МЗШВ што ќе ги евидентира ЛАГ-партнерствата кои ги исполнуваат минималните критериуми за ЛАГ.

[29] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/enlargement-policy/overview-instrument-pre-accession-assistance_en
[30] IPARD II Programme_MKD.pdf
[31] https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2015/05/SECTORAL-AGREEMENT.pdf
[32] УСАИД, Проект за експанзија на мали бизниси https://www.usaid.gov/macedonia/fact-sheets/small-business-expansion-project
[33] MAASP, Phase II, funded by SIDA - Swedish International Development Agency
[34] „Службен весник на РМ", бр.40 14.3.2013 Правилник за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за успис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата.
[35] „Службен весник на РМ", бр.40 14.3.2013 Правилник за содржината и Методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на рурални средини и начинот за нивно одобрување




Слика бр.2 Мапа на локални акциски групи и ЛАГ-иницијативи во Република Северна Македонија

Во мај 2018 година МЗШВ додели решенија на 13 локални акциски групи, кои ги исполнија минималните услови да добијат статус на локална акциска група (ЛАГ) и да бидат евидентирани во единствениот Регистар на локални акциски групи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство[36]. 13 локални акциски групи -

- ЛАГ Агро Лидер
- ЛАГ Пелагонија
- ЛАГ Вардар Леадер
- ЛАГ Абер 2015
- ЛАГ Скардус
- ЛАГ Тиквешка винска долина
- ЛАГ Осоговски лисец
- ЛАГ Плачковица
- ЛАГ Беласица – Огражден
- ЛАГ Бојмија
- ЛАГ Малеш Пијанец
- ЛАГ Брегалница
- ЛАГ Полог Центар

делуваат во шест плански региони: Полошки, Пелагониски, Вардарски, Североисточен, Источен и Југоисточен регион, опфаќајќи 46 општини и покривајќи повеќе од половина од територијата на државата. Сите локални акциски групи се основани согласно карактеристиките на ЛИДЕР пристапот, со обезбедено учество на жени и млади во одлучувачките тела и имаат стратегија за локален развој согласно препораките на ЕУ.[37]

[36] Јавен повик бр.01/18 за запишување во евиденција на локална акциона група (ЛАГ)
[37] ENRD EU 2016, LEADER Local Development Strategies (LDS) Guidance on design and implementation

Со воведувањето на Регистар на ЛАГ, МЗШВ се насочи да обезбеди национално финансирање за поддршка за локални акциски групи преку Мерката 412 „Воспоставување локални акциски групи“ и Мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини од Националната програма за рурален развој“[38]. Условите за користење на средствата (40% авансна исплата и 60% исплата на финансиски средства по реализација на активностите/инвестицијата одобрени со годишниот оперативен план за работа на ЛАГ не се соодветни на финансиската состојба на Локалните акциски групи и со овие услови мерките не можат да бидат поддршка за Локалните акциски групи и да охрабрат реализација на стратегиите за локален развој на рурални средини, имајќи го предвид фактот дека исплатата на финансиски средства од ИПАРД-агенцијата по реализација на активностите трае повеќе од 180 дена.

Локалните акциски групи од нивното основање до денес, во најголем дел се без техничка и финансиска поддршка од националните програми и поддршка од локалните самоуправи, кои ги опфаќаат, но континуирано работат на анимирање на руралното население, развивање на капацитетите на сите локални актери во насока на развивање и спроведување интегрирани развојни стратегии преку комбинација на ресурси, знаење и вештини, и преку вклучување на жените и младите за искористување на постојниот ендоген потенцијал за постигнување на целите на локалниот рурален развој согласно стратегиите за локален развој.

За да може да ги усогласат регулаторните документи и локалните развојни политики согласно регулативата на ЕУ, а воедно да се вмрежат и соработуваат меѓусебно, во 2018 година дел од локалните акциски групи ја основаат Мрежата на локални акциски групи. Од 2021 година Мрежата на ЛАГ почнува формална соработка со Мрежата на локални акциски групи на Република Австрија и Мрежата на локални акциски групи на Република Србија со цел споделување знаење и добри практики, како и меѓусебна поддршка во имплементацијата на ЛИДЕР пристапот[39].

МЗШВ и неговите тела ја подготвија мерката „ЛИДЕР пристап“ за акредитација во ИПАРД III програмата 2021-2027[40], со соодветно изработени процедури за спроведување на мерката, пресметки за неопходна распределба на средства како и прирачници и друга потребна документација за спроведување на мерката. Ex-ante евалуацијата[41] на ИПА-програмата за рурален развој 2021-2027 година забележува позитивна оценка за Мерка 5 „Спроведување на стратегии за локален развој – ЛИДЕР пристап“. ИПАРД ЛИДЕР мерката ќе обезбеди поддршка за: обука и градење капацитети на одобрените локални акциски групи (ЛАГ), анимација на потенцијални корисници во поединечните територии на ЛАГ; оперативни трошоци на ЛАГ; финансирање за проекти од мал обем и унапредување на соработката помеѓу регионите во земјата како и со локални партнерства воспоставени во други земји. Можноста за обезбедување натамошна поддршка за финансирање проекти од поголем обем преку национални фондови ќе биде достапна за развиените ЛАГ, кои исполнуваат одредени предуслови, а во согласност со Стратегиите за локален развој.

[38] Јавен повик бр.03/2019 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година
[39] https://www.lagsnetwork.mk/
[40] https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/draft-IPARD-III-PROGRAMME_consolidated_041121.pdf
[41] Ex-ante Evaluation of the IPARD III Programme 2021 – 2027, Republic of North Macedonia

Според предлог ИПАРД III-програмата 2021-2027, финансиската поддршка за мерката ЛИДЕР се очекува да биде достапна за локалните акциски групи во 2024 година.

| | Вкупни прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | ЕУ финансиско учество | | Национално учество | |
| Година | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % |
| 2021 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2022 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2023 | 266.667 | 266.667 | 100% | 240.000 | 90% | 26.667 | 10% |
| 2024 | 333.333 | 333.333 | 100% | 300.000 | 90% | 33.333 | 10% |
| 2025 | 566.667 | 566.667 | 100% | 510.000 | 90% | 56.667 | 10% |
| 2026 | 600.000 | 600.000 | 100% | 540.000 | 90% | 60.000 | 10% |
| 2027 | 666.667 | 666.667 | 100% | 600.000 | 90% | 66.667 | 10% |
| Вкупно | 2.433.333 | 2.433.333 | 100% | 2.190.000 | 90% | 243.333 | 10% |

Табела бр. 2: Индикативен финансиски план за ИПАРД ЛИДЕР мерка[42]

До акредитација и почнување со имплементација на ИПАРД ЛИДЕР мерката планирана е поддршка преку мерки од Националната програма за земјоделство и рурален развој (М412, 413) и ИПАРД мерка за техничка помош. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој[43] за 2021 година има предвидено финансиски средства за Мерка 412 и Мерка 413 за локални акциски групи, меѓутоа јавен повик за финансиска поддршка сè уште не е објавен.

## SWOT анализа на подготовката и имплементацијата на пристапот ЛИДЕР/Стратегии за локален развој

Мрежата на ЛАГ во соработка со своите членки - локални акциски рупи со цел дијагностицирање на моментната ситуација со ЛИДЕР пристапот и положбата на локалните акциски групи користејќи ја алатката за анализа на силни и слаби страни, можности и закани - SWOT во периодот октомври-ноември 2021 ги анализира законската рамка и концептот на ЛИДЕР програмата и состојбата на локалните акциски групи како основа да се направи проценка на потребите и можностите за спроведување на ЛИДЕР мерката „Стратегии за локален развој и одржлив развој на локалните акциски групи".

Целокупната цел што ја следи оваа анализа е да даде увид и согледувања не само за да се пополнат недостатоците во воспоставувањето локални акциски групи и обезбедувањето на нивна функционалност и одржливост, туку и за да се поддржи дизајнот и имплементацијата на ЛИДЕР пристапот.

[42] Ibid.
[43] Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

## S Силни страни

- Изградени човечки капацитети и воспоставени процеси за имплементација на ИПАРД програмата;
- 13 локални акциски групи основани и регистрирани во регистарот на МЗШВ, со добра територијална распространетост и зајакнати човечки капацитети за спроведување на ЛИДЕР пристапот
- ЛИДЕР мерка спроведена во рамките на Националната програма за рурален развој
- Знаење, капацитети, креирани стратегии за локален развој во ЛАГ
- Воспоставена правна рамка за имплементација на ЛИДЕР
- Воспоставување нови ЛАГ-партнерства

## W Слаби страни

- Недостаток на координација помеѓу институциите;
- Недостаток на континуирано финансирање за оперативни трошоци за локалните акциски групи;
- Недостаток на познавање на улогата на општините за функционирање на ЛАГ;
- Национална мрежа за рурален развој сѐ уште не е воспоставена;
- Бавен процес за акредитација на ЛИДЕР мерката во рамките на ИПАРД-програмата;

## O Можности

- Нацрт ЛИДЕР мерка подготвена за програмскиот период ИПАРД III;
- Обезбедени средства за ЛАГ под ИПАРД мерката за техничка поддршка за зајакнување на капацитетите на локалните акциски групи;
- Обезбедена финансиска поддршка за одобрени проекти за ЛАГ во рамките на Националната програма за рурален развој;
- Основна анимација на локалното население во процес;
- Општините покажуваат интерес за поактивна улога и поддршка на Стратегиите за развој на локалните акцски групи;
- Постоење на Мрежа на локални акциски групи за поддршка на процесот на ЛИДЕР имплементација, воспоставување локални акциски групи и спроведување стратегии за локален развој;
- Воспоставување Национална мрежа за рурален развој во процес.

## T Ризици

- Недоволна поддршка за спроведување на ЛИДЕР/Стратегии за локален развој и за в воспоставување ЛАГ од Националната програма за рурален развој
- Неприспособување на ЛИДЕР мерките според ИПАРД-програмата
- Недостаток на континуирана поддршка за оперативни трошоци на локалните акциски групи;
- Политички влијанија од општинското управување и локалните избори;
- Бавен процес на акредитација на нови мерки во ИПАРД-програмата, вклучувајќи ја и ЛИДЕР мерката, што негативно влијае врз напредокот на ЛИДЕР процесот

## Заклучни согледувања

Како меѓусекторски пристап кој вклучува широк спектар на области и засегнати страни, ЛИДЕР пристапот е втемелен во политиките за рурален развој на Европската Унија, овозможувајќи партиципативно учество, рамномерен територијален развој и социо-економски прогрес во руралните области. Спроведувањето на ЛИДЕР пристапот во Република Северна Македонија сè уште се соочува со бројни предизвици, кои го забавуваат процесот на имплементација на ЛИДЕР пристапот како мост помеѓу локалните и националните актери и институциите на Европската Унија.

Како резултат на спроведените истражувања и анализи на моментната состојба на подготвеност за имплементација на ЛИДЕР програмата во Република Северна Македонија, може да се донесат следните заклучоци:

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има воспоставено правна рамка за воведување на ЛИДЕР програмата согласно ЛИДЕР програмите на Европската Унија. Меѓутоа, потребни се одредби што посебно ќе ги регулираат креирањето и спроведувањето стратегии за локален развој, како и проактивни напори за забрзување на процесот на акредитирање на ЛИДЕР мерката во ИПАРД-програмата. Бавниот процес ќе создаде јаз во финансирањето, што негативно ќе влијае на одржливоста на локалните акциски групи, па постои можност дел од нив да се распуштат, што би претставувало загуба на ресурсите инвестирани во процесот на спроведување на ЛИДЕР пристапот до сега.
- Нема правен статус на ЛАГ како правни ентитети. Во моментов единствената правна форма за регистрирање на ЛАГ е како здружение за рурален развој. Единствениот регистар на ЛАГ може да се отвори само по добивање акредитација на Мерка како дел од ИПАРД. Во моментов тој регистар е отворен од страна на МЗШВ, а мерката не е акредитирана; ова може да доведе до процес во кој сите регистрирани ќе мора повторно да го „изодат“ процесот на регистрација што ќе предизвика финансиски тешкотии на и така слабите финансиски капацитети на ЛАГ.
- На национално и локално ниво сè уште нема мерки за финансиска поддршка на локални акциски групи, кои се дефинирани согласно динамиката и потенцијалот на ЛАГ.
- Ниско ниво на промоција на ЛИДЕР пристапот во сите три сектори на општеството што го забавува процесот на развој на локалните акциски групи, како и воспоставувањето и функционирањето на локални акциски групи на целата територија на државата.
- Непрепознаена потреба за воспоставување ЛАГ и ЛИДЕР поддршка од носителите на одлуки, особено на локално ниво, што предизвикува недостаток на поддршка од локалните самоуправи во обезбедување на потребната инфраструктура и технички услови за работа на локалните акциски групи.
- Отсуство на мерки наменети за поддршка на буџетите на локалните самоуправи за имплементација на ЛИДЕР пристапот во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- Не постои континуирана поддршка на ЛАГ-иницијативите во процесот на нивно создавање, односно анимирање на локалното население, градење партнерство, креирање интерни документи на ЛАГ, креирање Стратегија за локален развој, спроведување проекти и др.
- Забележани се значајни резултати во спроведувањето Стратегии за локален развој на локалните акциски групи и многу успешни приказни за социо-економски развој на рурални средини во нашата држава базирани на ЛИДЕР пристапот.

# Препораки

01

Регулаторна рамка што ги интегрира одредбите на ЛИДЕР пристапот вклучувајќи

- Правна форма за воспоставување локална акциска група
- Содржина на Стратегија за локален развој предводен од заедницата
- Одговорности и функции на локална акциска група
- Договор за локално партнерство
- Територија и учество на актерите во партнерството
- Процедури, донесување одлуки во ЛАГ и финансиски процедури
- Транспарентност (извештаи, информирање и др.)

Воспоставувањето правна рамка што го интегрира ЛИДЕР пристапот може да се постигне со посебни одредби во Законот за земјоделство и рурален развој, кои ќе ги интегрираат гореспоменатите документи, а воедно ќе се усогласи Законот со ЕУ-прописите.

02

Воведување на ЛИДЕР мерката во ИПАРД III-програмата

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како одговорна институција за воведување на ЛИДЕР мерката во ИПАРД III-програмата треба да преземе проактивни напори за финализирање на процесот на акредитација на ЛИДЕР мерката.

03

Креирање мерки за поддршка за финансирање локални акциски групи

За да овозможи фунционирање на локалните акциски групи додека да започне поддршката преку ЛИДЕР мерката од ИПАРД III-програмата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со релевантните институции, треба да креира мерки за поддршка за финансирање на локални акциски групи. Мерките 412 и 413, кои се наменети за поддршка на локални акциски групи од Националната програма за рурален развој, треба да се ревидираат, и критериумите и условите за користење на овие мерки да се одредат врз основа на постојниот потенцијал на локалните акциски групи.

04

Локалните самоуправи да креираат мерки за техничка и/или финансиска поддршка на локални акциски групи

Единиците на локални самоуправи како партнери во воспоставувањето локална акциска група да обезбедат техничка и/или финансиска поддршка за да се обезбеди одржливост на локалните акциски групи.

05

Зајакнување на соработката помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на регионално ниво

Имплементацијата на политики за рурален и регионален развој треба да овозможи кому-никација помеѓу сите засегнати страни од сите три сектори овозможувајќи хоризонтална и вертикална комуникација и транспарентно учество на претставници од сите сектори во процесите на креирање стратегија за локален развој и донесување стратешки документи. Креирањето стратегија за локален развој да биде водено од вештините и експертизата на локалните заинтересирани страни, локалните власти, заедницата и граѓанските организации, во консултација со поширокото локално рурално население, кое ќе ги идентификува стратешките приоритети и ќе обезбеди основа за развојни иницијативи специфични за програмата.

06

Градење на капацитетите на локалните засегнати страни од јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор

ЛИДЕР мерките од Националната програма за рурален развој и ИПАРД мерката за техничка помош може да се користат за поддршка на формирањето јавно-приватно партнерство, односно локална акциска група (ЛАГ) и за развој на стратегии за локален развој (ЛДС) на субрегионално ниво. Процесот на градење капацитети треба да содржи програма за обука на локалните засегнати страни за ЛИДЕР пристапот, улога и функционирање на локална акциска група, креирање стратешки документи, принципи на донесување одлуки и управување со проекти.

07

Воспоставување дијалог и соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Мрежата на локални акциски групи – Мрежа на ЛАГ

Бидејќи сѐ уште не е формирана Национална рурална мрежа во Република Северна Македонија која ќе биде поддршка за воспоставување и функционирање на локални акциски групи, Мрежата на ЛАГ е основана врз ЛИДЕР принципите и спроведува активности за поддршка на локалните акциски групи и споделување добри практики меѓу Мрежите на ЛАГ и ЛАГ иницијативите од Регионот и земјите на ЕУ, како клучни чекори за успешна имплементација на ЛИДЕР пристапот и развој на руралните заедници во нашата држава и регионот. Од витално значење е вклучување на Мрежата на локални акциски групи во воспоставувањето национална рамка за поддршка на руралниот развој преку ЛИДЕР пристапот што предвидува јасни улоги за јавно-приватни партнерства и обезбедува континуитет на активностите на локалните акциски групи.